# Закони има, тешко се спроведуваат

**Полицијата и царината тешко може да реагираат, бидејќи семето буквално се пренесува во џеб**

ВАЛЕНТИНА АНГЕЛОВСКА
АЛЕКСАНДРА ФИЛИПОВСКА



Сѐ почесто се шверцува и по килограм семе, кое подоцна се пакува измешано со неквалитетен материјал

Семето и садниот материјал последниве неколку години се добра подлога за лесна незаконска заработка, тврдат во Земјоделската инспекција. Според нив, потешко се открива шверцот поради малите семиња, кои се пренесуваат во џеб, но објаснуваат дека драстично е намален влезот на нелегални садници и речиси е искоренета нелегалната трговија со препарати за заштита на растенија.

Во Министерството за земјоделство велат дека за да се спречи шверцот со земјоделски препарати, семиња, неквалитетни ѓубрива и слично, државата го донесе Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, со кој земјоделските инспектори добиваат овластувања како полицајци.

- За подобра организациона поставеност, подобра координација во спроведување на инспекцискиот надзор и за добивање во квалитет, донесен е Законот за Државниот инспекторат за земјоделство. Во овој закон доследно е применет Законот за прекршоците, прекршочната постапка, постапката за порамнување и посредување со која е предвидена зголемена глоба од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност за компаниите што прават прекршок - велат во Министерството за земјоделство. Во законот стои дека граѓаните ќе плаќаат казна од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност.

Во Земјоделскиот инспекторат велат дека со овој закон се добива во квалитет, при што се дејствува и во насока да се зголеми степенот на општа безбедност на крајните корисници и да се намали ризикот по животот и здравјето на животните.

- Инспекторот може да донесе решение со кое ќе се забрани вршењето на дејноста, а објектот ќе се запечати. Покрај паричната казна за прекршоците, предвидено е да се изрече и мерка на безбедност - одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго, но и конфискација на имот и имотна корист прибавена со прекршокот - вели Ванчо Димитриев, директор на Земјоделската инспекција.

Тој објаснува дека до пред две години постоеше тенденција за нелегален увоз на средства за заштита на растенијата. Во 2008 година беа организирани координирани контроли, при што беа одземени 3,6 тони разни производи за заштита на растенијата, при што 1,5 тон претставуваат средства без потекло, упатство и декларација на македонски јазик, одобрение за увоз и дозвола за пуштање во промет - вели Димитриев.

Тој вели дека ова значеше дека се работи за нелегално увезени средства. Тогаш контролите беа вршени, во соработка со МВР, на диви продажни места, диви гранични премини, зелени пазари, но и по складови и магацини кај компаниите-увозници на големо, но и кај земјоделските аптеки.

Димитриев вели дека денес шверцот е намален, но дека сѐуште не е искоренет.

- Индивидуалните земјоделци чија основна дејност е земјоделството, се доволно едуцирани што треба да применат во земјоделското производство. За евентуално настаната штета од примена на средство за заштита на растенијата за кое нема потекло, тие не можат во постапка пред нас и пред судот да ја докажат штетата, што подразбира нивна загуба - вели Димитриев.

Професорите на Факултетот за земјоделство и храна велат дека семенскиот материјал е најбитен за квалитетно и здраво производство.

- Сите аномалии мора да ги отстраниме заедно со земјоделците. Тие треба да набавуваат од регистрирана фирма, која гарантира за квалитетот на семето. Земјоделските аптеки во соседството не се фри-шопови и никој без дозвола не може да внесува семе - велат професорите.

## Земјоделците се изгореа од фаленото семе

Земјоделците, а особено раноградинарите од струмичкиот регион, уште го паметат семето за домати „амати“, од кое пред неколку години целосно потфрли родот. Семето тогаш влегло преку регистрирана семенарска куќа, но била проблематична неговата сортност. Од најавуваните квалитетни домати немаше ништо, а цехот на крајот го платиле производителите.

Добрите познавачи на состојбите велат дека сѐ почеста е појавата да се шверцува и по килограм семе, кое подоцна се пакува измешано со неквалитетно семе и се нуди за продажба.

Последните податоци од Министерството за земјоделство говорат дека во минатата година Земјоделската инспекција направила над 17.000 контроли и донела 538 решенија за отстранување на недостатоците и за запирање на незаконско работење. Фитосанитарните инспектори на осум гранични премини и на пет места на товарање извршиле 74.000 контроли при што составиле триесетина записници, 14 решенија за забрана на дејност на правното лице, а целосно се уништени три пратки семе и саден материјал.

(крај)

**(Истражувањето е поддржано од Данската асоцијација за истражувачко новинарство и проектот СКУП).**

# Со батерии бараат полжави

**Килограм полжави на неколку пунктови се откупува за 22 до 25 денари, па дневно може да се заработи и илјадарка, велат собирачите во Тиквешко**

Дождовите донесоа нов начин за заработка во Повардарието и Тиквешко. Жителите од неколку населени места решија да печалат од полжави. На неколку откупни пунктови во регионот влекачите се откупуваат по цена од 22 до 25 денари за килограм. Тие што се занимаваат со оваа работа велат дека дневно може да се заработат и до илјада денари.

- Голем дел од населението е вклучено во собирање полски полжави. Земјоделците, кои паузираат со работите по нивите поради поголема влажност од дождовите, исто така се свртија кон барањето на овие бавни животинки - велат некои од нив.

Димитар Тегов од Демир Капија открива дека постојат два вида „собирачи на пржајки“. Првите се оние што ги продаваат пронајдените влечуги, а вторите се тие што ги чуваат за себе.

- Јас спаѓам во вторите. Традиционално секоја година собирам полжави. Веќе 5 години го правам тоа. Но оваа година некако ми се чини дека ги има повеќе. Не ги продаваме, ги користиме во исхраната - објаснува тој.

Според него, најдобро е кога овие животинки, кои се природна храна, се консумираат свежи. Ги вареле за да им се оддели куќичката, па ги пржеле со кромид или праз. Потоа, ги користеле како мезе. Но не ретко го мелеле месото од полжавите и од него правеле плескавици. Вели дека немало ништо повкусно од полжавско месо.

Количините што не можеле да ги изедат во свежа состојба, ги замрзнувале во фрижидер и од нив се гостеле подоцна. Тој како голем познавач на оваа работа, признава дека полжавите ги собираат и дење, но претежно ноќе.

- Во нивна потрага одиме со батерии, главно групирани по двајца. Ноќта е време кога овие животинки почесто излегуваат на паша. Не бегаат и лесно се фаќаат. Ама кај ќе бегаат, па и да бегаат, тие се многу бавни - се смее тој.

Дознаваме дека неколку тони полски полжави деновиве продале само собирачите во Демиркаписко. Животинките најчесто можеле да се најдат таму каде што имало багремови стебла и бујна трева, по меѓите на обработливите земјоделски површини и на пошумовити места. Оние што се занимаваат со оваа работа, велат оти можеби малку е тешка, но сепак исплатлива.

(С.Д.)

# Пари од Светската банка за енергетиката

Македонија годинава ќе добие пари од Светска банка за реализирање проекти во енергетскиот сектор, како и за продолжување на реформите во Катастарот и во социјалната сфера. Ова е заклучокот од завчерашната средба на министерот за финансии Зоран Ставрески со високи претставници на Светската банка (СБ) во Вашингтон.

Ставрески се сретна со извршниот директор на Светската банка, Рудолф Јан Треферс, директорката за Македонија, Џејн Армитиџ и заменик-претседателот на СБ за Европа и Централна Азија, Филип Леру. Тие разговарале за проектите што треба да ги опфати следната четиригодишна стратегија на Светската банка со Македонија. Висината на кредитната линија сѐ уште не е дефинирана, но најверојатно ќе изнесува меѓу 40 и 50 милиони евра годишно.

- Побаравме да има проекти за инвестиции, особено во енергетиката. Добивме ветување дека Македонија ќе биде поддржана во енергетскиот сектор. Веќе е договорен еден проект за годинава за МЕПСО, односно за изградба на интерконекцијата меѓу Македонија и Србија. Разговаравме и за втор проект исто така од областа на енергетиката кој би се реализирал во 2011 и 2012 година. Најверојатно тоа ќе биде изградба на една хидроцентрала, за што дополнително ќе треба да ги продолжиме разговорите - изјави Ставрески по средбата.

Според него, во делот на социјалната заштита ќе се реализира проектот за условени парични трансфери за семејствата што примаат социјална помош. Тие ќе добиваат по 12.000 денари годишно, со обврска да ги праќаат децата во средно училиште.